Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, бр.03/09 од 12.09.2024 г. (Уп1 бр.02-255 од 13.09.2024 г.), согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-3960/6 од 30.09.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 37-та седница одржана на 30.09.2024 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, и тоа:

- за истапување на физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и со адреса во [redacted]. [redacted], [redacted], со учество од 100% во основната главнина на радиодифузерот и

- за пристапување на физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и со адреса на ул.„[redacted]“ бр. [redacted], [redacted], со учество од 100% во основната главнина на радиодифузерот.

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура бр.03/09 од 12.09.2024 г. (наш Уп1 бр.02-255 од 13.09.2024 г.), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево.

Доставеното Известување за промена на сопственичка структура бр.03/09 од 12.09.2024 г. (Уп1 бр.02-255 од 13.09.2024 г.), од страна на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, се утврди дека е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура.

Агенцијата со цел да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, преку интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија (РСМ), обезбеди „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба“, бр.0820-50/150020240319338, бр.0820-50/150020240319339 и

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

бр.0820-50/150020240319340 сите од 16.09.2024 г. од кои е видно дека лицето [redacted] се јавува како сопственик и управител на: Друштвото за угостителство, трговија и услуги ДАРДАНИА-КИЧЕВО ДООЕЛ увоз-извоз Кичево Shoqeri per gastronomi, tregti dhe sherbime DARDANIA-KERCOVE SHGTSH eksport-import Kercove, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 56.10 – Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна, и на Друштвото за производство, трговија и услуги СВИСС РАНЧ ХОТЕЛ-АГРО ТУРИЗАМ експорт-импорт ДООЕЛ с. Карбуница Кичево, Shoqëri për prodhim, tregëti dhe shërbime SWISS RANCH HOTEL-AGRO TURIZËM eksport-import SHPKNJP fsh. Karbunicë, Kërçovë, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 55.10 – Хотели и слични објекти за сместување. Горенаведените правни лица не се јавуваат како основачи на трговски друштва.

Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици кој го води Централниот регистар на РСМ, од каде што го обезбеди документот „Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик“, бр.2007-50/150020240319341 од 16.09.2024 г., од која е видно дека физичкото лице [redacted] е евидентирано како вистински сопственик на двете горенаведени правни лица.

По извршената промена на сопственичка структура, единствен сопственик на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево ќе биде ќе биде физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул. „[redacted]“ бр. [redacted], [redacted], со учество од 100% во основната главнина на радиодифузерот.

Со оглед дека Агенцијата констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура бр.03/09 од 12.09.2024 г. (Уп1 бр.02-255 од 13.09.2024 г.), Советот на Агенцијата, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.02-255**
**02.10.2024 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.